Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**State Secretariat for Economic Affairs SECO**




# Швајцарска програма за соработка со Северна Македонија 2025 - 2028

# Швајцарски придонес за посилна демократија, економски раст и позелена иднина

Швајцарија и Северна Македонија имаат долгогодишна соработка заснована на меѓусебно почитување, интереси и вредности.

Целта на Швајцарската програма за соработка 2025-2028 е да ги поддржи реформите на Северна Македонија за европска интеграција и одржлив развој преку јакнење на демократските институции, поттикнување на зелен економски раст, зголемување на отпорноста на климатските промени, притоа промовирајќи одржливо управување со природните ресурси.

# Трансверзални теми и водечки начела

## Национална одговорност и посветеност

Швајцарија работи во партнерство со локални и национални чинители за одржливи промени.

## Транспарентност, отчетност и инклузија

Швајцарија има за цел да ја зголеми транспарентноста и учеството во донесувањето одлуки, вклучувајќи ги и маргинализираните групи, а воедно да придонесе и во борбата против корупцијата. Нејзините напори придонесуваат за зголемување на довербата во институциите и отчетноста кон сите граѓани.

## Жени и млади

Швајцарија ги зајакнува економските, социјалните, еколошките и политичките капацитети за поголемо учество на младите луѓе кои се иднината на земјата. Швајцарија е посветена на јакнење на жените како клучни актери за одржлив економски и демократски развој.

## Заштита на животната средина и отпорност на климатските промени

Швајцарија внимава нејзината програма да не ѝ наштети на животната средина, притоа работејќи на зголемување на отпорноста на климатските промени.

# Области во фокусот 2025-2028

## Демократско управување и добро владеење

Швајцарија ги зајакнува капацитетите на локалните и националните јавни институции да работат на потранспарентен, поефикасен и попартиципативен начин, притоа придонесувајќи за зголемување на нивната отчетност. Се поддржуваат механизмите што го промовираат дијалогот меѓу граѓаните, граѓанското општество и државните институции. Дополнително, се унапредува знаењето на носителите на одлуки во областите на управување со природните ресурси и климатските промени.

## Одржлив економски развој

Швајцарија го поддржува приватниот сектор, особено малите и средни претпријатија, во зголемувањето на продуктивноста преку ефикасно користење на ресурсите и усогласување со европските стандарди. Еден од клучните приоритети останува поддршката на дуалното образование, како и доквалификацијата и преквалификацијата на работната сила - особено на младите и жените - со цел подобро усогласување со потребите на приватниот сектор.

## Вода и животна средина

Швајцарија ги поддржува општините и јавните комунални претпријатија во подобрувањето на енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори на енергија за обезбедување на одржливи услуги за водоснабдување и отпадни води, како и во подобрувањето на управувањето со отпадот со примена на начелата на циркуларна економија. Нови приоритети се интегрираното управување со водните ресурси и јакнењето на заедниците во заштитата на биолошката разновидност.

# Програма за соработка 2025–2028

Индикативен вкупен буџет:
56.1 милион CHF

## Поделба по области на интерес

- Демократско управување
- Вода и животна средина
- Одржлив економски развој



# Резултати постигнати во 2021-2024

Собранието ги подобри своите информатичко-комуникациски системи, зголемувајќи ја својата транспарентност; Зајакнатите капацитети на собранискиот персонал ја подобрија нивната работа

Над 200 граѓански организации ги зајакнаа своите капацитети да ги претставуваат граѓаните, да даваат услуги, да се залагаат за промени и да ја подобруваат транспарентноста

Над 1.000 општински советници се стекнаа со вештини кои ќе им помогнат подобро да работат во општинските совети

Над 350 компании успешно се проширија на нови меѓународни пазари

Стартапи и компании коишто воведоа нови практики креираа повеќе од 7.200 достоинствени работни места

46.000 граѓани добија пристап до поквалитетна вода за пиење

Активностите за дигитализација ја зголемија транспарентноста во 54 општински совети и ја зајакнаа довербата во резултатите од и изборните процеси

300.000 граѓани имаа корист од подобро управување со отпадот, вклучително и сортирање и рециклирање

Повеќе од 12.000 ученици се запишаа во дуално образование

Над 100.000 граѓани добија подобра заштита од поплави, а мерките за подготвеност допреа до околу 300.000 луѓе.

**Embassy of Switzerland**

Maksim Gorki Street 19
1000 Skopje, North Macedonia

skopje@eda.admin.ch
http://www.eda.admin.ch/north-macedonia